REPUBLIKA SEVERNA MAKEDONIJA - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Бр.-Nr. 08 - 190/6

18 08 20 21 год.-viti
Скопје - Shkup

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 17 седница одржана на 05.05.2021 година, донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**

## **за акредитација на студиската програма „Индустриско инжинерство и менаџмент“, трет циклус на докторски академски студии (180 ЕКТС), на Машински Факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Индустриско инжинерство и менаџмент“, трет циклус на докторски академски студии (180 ЕКТС), на Машински Факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на техничко-технолошки науки од област Индустриско инжинерство и менаџмент /во меѓународен промет академски студии назив: Doctor of science in industrial engineering and management.

4. Научно - истражувачко подрачје: 2 - Техничко-технолошки науки,
Научно – истражувачко поле: 211Индустриско инженерство и менаџмент, 506 Организациони науки и управување (менаџмент),
Научно – истражувачка област: 21100 - 21111, 50600 - 50624.

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се:
Проф. д-р Делчо Јованоски (во пензија), Проф. д-р Ванчо Донев (во пензија), Проф. д-р Роберт Миновски, Проф. д-р Радмил Поленаковиќ, Проф. д-р Валентина Гечевска, Проф. д-р Атанас Кочов, Проф. д-р Јасмина Чалоска, Вон. Проф д-р Бојан Јованоски.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.
7 . Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 02-316/10 од 26.02.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Индустриско инжинерство и менаџмент",трет циклус на докторски академски студии (180 ЕКТС), на Машински факултет при Универзитет„ Св.Кирил и Методиј", Скопје, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 190/1 од 12.03.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 15-та седницата одржана на 07.04.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 190/3 од 21.05.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 17-та седница одржана на 05.05.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски